## Овластување полномошници

Секој акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на Седницата на Собранието. Полномошното се издава во писмена форма со пополнување на образецот за гласање преку полномошник **(полномошно за физички лица)** и **(полномошно за правни лица).**

Полномошното мора да содржи комплетни податоци за идентитетот на акционерот и полномошникот, и тоа:

- **за акционерот** – пополнето целосно име и презиме, своерачен потпис и ЕМБГ на акционерот – физичко лице; односно назив, седиште, печат, ЕМБС, целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер – правно лице;

- **за полномошникот** – целосно име, презиме и ЕМБГ за полномошник - физичко лице; односно назив, седиште и ЕМБС за полномошник – правно лице. Акционерите се должни веднаш да ја известат Банката за секое дадено полномошно со доставување копија од целосно пополнет образец по електронски пат, на адреса:

sobranie@ccbank.mk или по писмен пат на адреса: Централна кооперативна банка АД Скопје, ул. „1732“ бр. 2 Скопје – Центар, Центар, Кабинет на Управен одбор, со назнака **„за Годишно собрание на акционери“.**

Полномошникот е должен при евиденција на своето присуство на Собранието да го предаде полномошното во писмена форма во оригинал, како и да презентира документ за идентификација – лична карта или пасош.

**Адреса на која се доставува барањето:**
Централна кооперативна банка АД Скопје
ул. „1732“ бр. 2 Скопје – Центар, Центар
Дирекција за правни работи со назнака:
**„за Годишно собрание на акционери“**